Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:27.12.2022 21:49:11
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 283** **27 декември 2022, вторник** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4259. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2021 година .... | 2 |
| 4260. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2021 година ............. | 2 |
| 4261. | **Одлука** за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки .................................... | 2 |
| 4262. | **Одлука** за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија........................... | 2 |
| 4263. | **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година...... | 3 |
| 4264. | **Програма** за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година.................. | 5 |
| 4265. | **Програма** за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година................ | 5 |
| 4266. | **Програма** за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година............................ | 5 |
| 4267. | **Објава** од Министерство за финансии...................................................... | 5 |
| 4268. | **Правилник** за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија.................... | 6 |
| 4269. | **Одлука** за одобрување на Правила за балансирање на системот за пренос на природен гас........................... | 13 |
| 4270. | **Одлука** за одобрување на Правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас...................... | 13 |
| 4271. | **Одлука** за одобрување на Мрежни правила за измена и дополнување на Мрежните правила за пренос на природен гас ...................................... | 14 |
| 4272. | **Одлука** за одобрување на договорните услови во Предлог-договор за пренос на природен гас...................... | 15 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4259.**

Врз основа на член 11 алинеја 6 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/98, 98/00 и 48/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 152/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2021 година бр.01-320/4 од 4.5.2022 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 4.5.2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-5690/7 | Претседател на Владата |
| 27 декември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

**4260.**

Врз основа на член 11 алинеја 5 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/98, 98/00 и 48/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 152/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2021 година бр.05-243/1 од 18.3.2022 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 24.3.2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-5690/8 | Претседател на Владата |
| 27 декември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

**4261.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 1 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ**

Член 1

Во Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/22, 137/22, 206/22 и 217/22) во членот 3 зборовите „31 декември 2022 година“ се заменуваат со зборовите „30 април 2023 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-11456/5 | Претседател на Владата |
| 27 декември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

**4262.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗНАТА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 1.700.000.000,00 денари на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Раздел 04001 - Влада на Република Северна Македонија, потпрограма П1 - Мерки за справување со Ковид 19 кризата и други антикризни мерки, категорија 48 – Капитални расходи, расходна 485 – Вложувања и нефинансиски средства.

Член 3

Средствата од член 1 од оваа одлука, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да ги искористи исклучиво за реализација на мерките за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија за зголемување на производството на електрична енергија и за обезбедување на основни суровини, јаглен, мазут, како и за други потребни средства но само ако се во функција на поддршка за продолжување со производството на електрична енергија, заради справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

Средствата од член 1 од оваа одлука ќе се уплатат на наменска сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Член 4

Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за трошење на средствата од член 1 од оваа одлука доставува месечен извештај до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-11803/3 | Претседател на Владата |
| 27 декември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

---

**4263.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33/22), во точката 3. „ ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ во ставот 1 износот „6.000.000,00“ се заменува со износот „5.400.000,00“, а износот „1.000.000,00“ се заменува со износот „400.000,00“.

Табелата број 1 се заменува со нова Табела број 1, која гласи:

„

| Вид на активност | Потребни финансиски средства (во ден.) | Извршител |
|---|---|---|
| 1.1 Потребни средства за дијализа на пациенти опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки | 900.000,00 | ЈЗУ Завод за нефрологија Струга |
| 1.2 Покривање на трошоци за хемодијализа и хемодијафилтрација на лица без здравствено осигурување до најмногу 60 дена | 1.900.000,00 | Хемодијализни центри |
| 1.3.1 Набавка на 3000 дози Хепатит Б адулт вакцини | 2.050.000,00 | ЈЗУ ЦЈЗ Битола за потребите на 10-те центри за јавно здравје; |
| 1.3.2 Покривање на трошоци за спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа | 300.000,00 | 10-те Центри за јавно здравје |
| 2. Превенција на хемофилија по пат на едукативни активности (семинари, флаери и брошури) и план за унапредување на грижата за лицата со хемофилија и други вродени коагулопатии во 2022 година | 250.000,00 | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина-Центар за хемофилија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии |
| ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: | 5.400.000,00 денари | |

“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11833/3
27 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**4264.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/22), во делот 5.„ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „3.000.000.000,00“ се заменува со износот „3.500.000.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11582/4 Претседател на Владата
27 декември 2022 година на Република Северна Македонија,
Скопје д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**4265.**

Врз основа на член 36, став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33/22 и 273/22), во членот 1, во ставот 2, зборовите „10.000.000 (десет милиони)“ се заменуваат СО ЗБОРОВИТЕ „8.000.000 (ОСУМ МИЛИОНИ)“.

Член 2

Во членот 2, во точката 1, износот „8.500.000“, се заменува со износот „6.500.000“.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11804/3 Претседател на Владата
27 декември 2022 година на Република Северна Македонија,
Скопје д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**4266.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 33/22), во точката 4. „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА” износот „567.700.000,00” се заменува со износот „657.700.000,00”, износот „347.700.000,00“ се заменува со износот „457.000.000,00“, а износот „220.000.000,00“ се заменува со износот „200.700.000,00“.

2.Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11808/3 Претседател на Владата
27 декември 2022 година на Република Северна Македонија,
Скопје д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**4267.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 290/20, 85/21 и 274/22), министерот за финансии

**О Б Ј А В У В А**

1. Даночното намалување утврдено во член 10 став (2) од Законот за данокот на личен доход, за 2023 година на годишно ниво, изнесува 108.456,00 денари.

2. Даночното намалување по основ на доход од работа од плата, надоместоци на плата и пензија, месечно се утврдува во износ од 9.038,00 денари, согласно со член 17 став (2) од Законот за данокот на личен доход.

Бр. 20-8698/1
26 декември 2022 година
Скопје

Министер за финансии,
Dr. **Fatmir Besimi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 10 paragrafi (4) të Ligjit të Tatimit mbi të Ardhurat Personale (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.241/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.275/19, 290/20, 85/21 dhe 274/22), ministri i Financave

**P U B L I K O N**

1. Ulja tatimore e përcaktuar në nenin 10 paragrafi (2) të Ligjit të Tatimit mbi të Ardhurat Personale, për vitin 2023 në nivel vjetor është 108.456,00 denarë.

2. Ulja tatimore në bazë të të ardhurave nga puna, përkatësisht nga paga, kompensimet e pagave dhe pensionet, në nivel mujor përcaktohet me vlerë prej 9.038,00 denarëve, sipas nenit 17 paragrafi (2) të Ligjit të Tatimit mbi të Ardhurat Personale.

Nr. 20-8698/1
26 dhjetor 2022
Shkup

Ministër i Financave,
Dr. **Fatmir Besimi,** d.v.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**4268.**

Врз основа на член 17-а став 5, а во врска со член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 и 89/22), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ ПОВИК, НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА, ОБРАСЦИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН, ОДНОСНО НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија.

Член 2

(1) Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен, односно надзорен одбор на јавно претпријатие (во натамошниот текст: јавниот повик), се објавува на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие кое го распишува јавниот повик и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

(2) Рокот за доставување на пријавата треба да биде јасно и прецизно наведен во јавниот повик со краен датум за пријавување кој не треба да биде пократок од десет календарски работни денови.

(3) Јавниот повик ги содржи следните податоци:

- грб и име на основачот на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик;
- основ за објавување на јавниот повик;
- број и датум на јавниот повик;
- назив на јавното претпријатие, дејност опишана со наслов и шифра според Националната класификација на дејности (НКД) и надлежности на јавното претпријатие, како и веб-страница на јавното претпријатие;
- назив на позицијата-член на соодветниот орган на јавното претпријатие и местото, времетраење на мандатот, конкретните работни задачи, одговорности, обврски и висина на финансискиот надоместок;
- услови утврдени во Законот за јавните претпријатија;
- рок, начин и место на поднесување на пријавата со потребната документација;
- информации за документите кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на соодветниот орган на јавното претпријатие (државјанство на Република Северна Македонија, уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност, историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж, како и изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација, кратка биографија, писмо за интерес/мотивација, сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон);

- начин како треба да бидат доставени доказите (во хартиена или електронска форма, во оригинал или копија заверена на нотар);

- адреса на објавувачот на јавниот повик, односно електронска адреса за достава на пријавите, како и прецизен краен рок за доставување на документацијата и

- кратка информација за процесот на селекција и фазите на селекција на кандидатите (фаза 1 – административна селекција, фаза 2 – интервју), предложени датуми за одржувањето на секоја од фазите заради планирање на датумите и времето од страна на кандидатите, начин на бодување на секоја од фазите на селекција поединечно.

Член 3

(1) По објавениот јавен повик, кандидатите поднесуваат пополнета пријава на образец за пријавување на јавниот повик, со документација, во писмена форма преку архивата на основачот на јавното претпријатие, по пошта или во електронска форма.

(2) Образецот за пријавување на јавен повик за именување на членови на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие од став (1) на овој член, е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Постапката на селекција на кандидатите за членови на управен, односно надзорен одбор на јавното претпријатие се спроведува од страна на Комисијата од член 17-а став 6, односно од член 17-а став 7 од Законот за јавните претпријатија (во натамошниот текст: Комисијата), и се состои од две фази, и тоа:

- Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

- Фаза 2 – интервју (фаза во која усно или комбинирано (усно и писмено) преку ситуациони прашања се проверуваат општите работни компетенции за член на соодветниот орган на јавното претпријатие (раководење, решавање проблеми, испорачување на резултати, умешност за комуникација) и преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

(2) Административната селекција завршува најдоцна 15 работни дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

(3) Од страна на Комисијата, најдоцна три работни дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик, се проверува дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите во јавниот повик.

(4) Административно – техничките работи за потребите на Комисијата од член 17-а став 6 од Законот за јавните претпријатија при административната селекција се вршат од страна на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, определени од страна на претседателот на Комисијата.

Член 5

(1) Во фазата административна селекција, стекнато образование на кандидатите се бодува на начин што кандидатот кој има најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование добива 10 бода.

(2) Бодовите за работно искуство на кандидатите за секоја од областите од која треба да бидат членовите на управниот, односно надзорниот одбор се добиваат на следниот начин:

- ако кандидатот има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика = 10 бода;

- ако кандидатот има најмалку десет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика = 15 бода;

- ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика = 25 бода;

- ако кандидатот има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење = 10 бода;

- ако кандидатот има најмалку десет години работно искуство од областа на финансиското работење = 15 бода;

- ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на финансиското работење = 25 бода;

- ако кандидатот има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи = 10 бода;

- ако кандидатот има најмалку десет години работно искуство од областа на правните работи = 15 бода;

- ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на правните работи = 25 бода;

- ако кандидатот има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки = 15 бода;

- ако кандидатот има најмалку десет години работно искуство од областа на техничките науки = 20 бода;

- ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на техничките науки = 30 бода.

(3) Вкупниот број на бодови во фазата административна селекција за секој пријавен кандидат се пресметува како збир од бодовите за стекнато образование и работно искуство во струката.

(4) Секој поединечен доказ (сертификат, лиценца, уверение, диплома издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон) од областа за која треба да бидат членовите на управниот, односно надзорниот одбор, а е во врска со дејноста на јавното претпријатие, се бодува со по 1 дополнителен бод.

(5) За извршената административна селекција се составува записник и нацрт-листа од кандидатите кои продолжуваат во наредната фаза од постапката на селекција, кои се објавуваат на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие најдоцна 24 часа од извршената административна селекција.

(6) Кандидатите, најдоцна 24 часа од денот на објавувањето на записникот и нацрт-листата од став (5) на овој член, можат да побараат увид во однос на бодувањето на доказите кои ги имаат доставено кон пријавата и да и укажат на Комисијата за несоодветност во однос на бодувањето.

Член 6

(1) Комисијата, најдоцна десет календарски работни дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција.

(2) Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие.

(3) Во фазата интервју бодувањето се врши на следниот начин:

- секое ситуационо прашање со кое се проверуваат општите работни компетенции за член на соодветниот орган на јавното претпријатие (раководење, решавање проблеми, испорачување на резултати, умешност за комуникација) се бодува со по 5 бода, а најмногу можат да се добијат 20 бодови;

- стручните прашања или практичните задачи со кои се проверуваат посебните работни компетенции се бодуваат со најмногу 20 бодови.

(4) Комисијата треба да ги бодува поединечно сите кандидати пријавени на јавниот повик согласно член 5 од овој правилник и ставот (3) на овој член.

(5) Секој член на Комисијата поединечно за секој кандидат пополнува формулар во кој ги внесува бодовите, одделно за сите елементи на интервјуто и го потпишува.

(6) Бројот на добиени бодови за секој кандидат поединечно се добива од просекот на доделени бодови од сите членови на Комисијата.

Член 7

(1) Од страна на Комисијата, најдоцна три календарски работни дена сметано од денот на спроведување на интервјуто, се подготвува и до основачот на јавното претпријатие се доставува ранг листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот, односно надзорниот одбор кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови во сите фази на постапката за селекција согласно утврденото бодување од член 5 ставови (1) и (2) и член 6 став (3) од овој правилник.

(2) За текот на постапката на селекцијата се води записник кој содржи податоци за сите кандидати кои се пријавиле на јавниот повик, кандидатите кои учествувале во постапката на селекција по фази, попис на документацијата која ја приложил секој од кандидатите поединечно, бодовите кои кандидатите ги освоиле во секоја од фазите на постапката на селекција за секој кандидат поединечно, како и име, презиме и потпис на претседателот и членовите на Комисијата или нивните заменици. Кон записникот се приложува и ранг листата од став (1) на овој член.

(3) Ранг-листата и записникот се објавуваат на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие, согласно Законот за заштита на личните податоци.

(4) Врз основа на ранг-листата од став (1) на овој член, од страна на Комисијата се изготвува предлог на кандидати за членови на управниот, односно надзорниот одбор на јавното претпријатие и се доставува до основачот на јавното претпријатие, заради донесување на одлука за именување на членови на управниот, односно надзорниот одбор на јавното претпријатие.

Член 8

За прашањата кои се однесуваат на постапката за разрешување на членовите на управен, односно надзорен одбор во јавните претпријатија, се применуваат одредбите од членот 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија.

Член 9

За именување и разрешување на членови на надзорниот одбор на јавните претпријатија соодветно се применуваат одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на именувањето и разрешувањето на членови на управен одбор.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-4863/2
26 декември 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi**, с.р.

Прилог

## Образец за пријавување на јавен повик за именување на членови на Управен/Надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавно претпријатие | |
| 2. | Лични податоци:<br>Име и презиме | |
| 3. | Улица и број | |
| 4. | Телефон | |
| 5. | Е-маил / e-mail | |
| 6. | Уверение за државјанство | |
| 7. | Уверение за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 образование | |
| 8. | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик | |
| 9. | Доказ за посебни работни компетенции | |
| 10. | Потврда од институција дека лицето работело во област на соодветната дејност | |
| 11. | Моментален статус на вработување<br>Вработен / Невработен | |

Датум Потпис на подносителот

_______________ _______________

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br>_______________ година | Потпис и печат<br>_______________ |

